Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ број 27/15, 78/15 и 192/15) и членовите 49 став 2 и 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Царинска управа донесе

# О Д Л У К А

## за избор на најповолна понуда

Врз основа на Извештајот за спроведена постапка број 05-001832/16-0013 од 14.03.2016 година, доставен од Комисијата за јавни набавки по спроведена остапка со барање за прибирање на понуди со оглас број 03/2016 за доделување на договор за јавна набавка на „Кетеринг за царински празник“, како најповолни понудувач се избира:

- Друштво за трговија увоз-извоз Бестфуд ТИ Доо Радовиш;

Правата и обврските меѓу набавувачот и понудувачите во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавни набавки.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки Директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе Одлука за јавна набавка број 05-001832/16-0003 од 12.02.2016 за набавка на „Кетеринг за царински празник“.

Потребните средства во вкупен износ до 100.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, планирани со буџетот на Царинската управа за 2016 година, раздел 09003, сметка 631, програма 20, ставка 426.

Согласно член 100, член 121 и член 125-а од Законот за јавни набавки, набавката се спроведе со барање за прибирање на понуди, во хартиена форма, со примена на електронска аукција.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05-001832/16-0013 од 14.03.2016 година, со кој предлага како најповолен понудувач по предметната постапка да се избере:

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

„ Друштво за трговија увоз-извоз Бестфуд ТИ Доо Радовиш "

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство:
Согласно член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 3 (три) дена од денот на прием на известувањето.

Директор,
Наташа Радеска -Крстевска

Бр. 05-001832/16-0015
Скопје, 16.03.2016 г.
18 -03- 2016

Доставено во оригинал до:
- Претседателот на комисијата за јавни набавки
- Писарница/архива,

Доставено преку ЕДМС до:
- Заменик претседателот, членовите и замениците членови на комисијата,
- Одделение за јавни набавки